# PROFESSIONAL DEVELOPMENT OF TEACHERS IN THE CONTEXT OF IMPROVING THE QUALITY OF EDUCATION

**Laste Spasovski**
Vocational education and training centre – Skopje, Republic of Macedonia spalaste@yahoo.com

**Abstract:** Education plays a key role in the economic development, social cohesion and ecological stability. Therefore, improving the quality of education is high on the European Union agenda, and thus, in 2010 the indicators that are directly related to improving the quality of education process in schools were defined. The quality of the education cannot exceed the quality of its teachers, and many studies confirm that students' achievement depends on the quality of the teachers and the teaching.

The teaching profession is subject to numerous changes, caused by various changes in society - political, cultural, socio-economic, scientific, technological and others. Such changes to education set much higher requirements and expectations. And the circumstances in which today are working the staff in education, are more complex (fast expansion in the volume of new knowledge, more and quick access to various sources of knowledge, new knowledge about the processes of learning and teaching, are more pronounced individual differences among students in their learning styles; social differences, multicultural differences, low motivation for learning, new knowledge in the field of teaching methods and strategies of learning, integration of students with special needs, etc.).

In addition, schools are often put in a situation to compare with each other - according to the same criteria of external exams, and under the influence of globalization and internationalization of education, and with other countries through international trials. All those are challenges that hinder the work of teachers and complicate their role. That implies a higher degree of professional competence for deeper understanding of the changes and challenges, their proper professional assessment and learning with rich and diverse repertoire of methods and strategies for searching and finding possible solutions to the problems they face in their work. Professional competence and professionalism of the holders of the educational activity is one of the basic conditions for their success in achieving their role. Improving the quality of education depends on the qualitative changes in the thinking pattern of the teachers. The first step in this direction is the increasing professionalization of all personnel in education, especially teachers.

As in any modern profession also the teachers are responsible constantly to expand the boundaries of their professional knowledge, because the best and the most quality undergraduate education cannot provide the necessary knowledge and skills they need to all their working life. It suggests a need for a system for professional development of teachers, who as a continuous process should be based on the real needs of teachers.

**Keywords:** teacher, competencies, professional development.

# ПРОФЕСИОНАЛНИОТ РАЗВОЈ НА НАСТАВНИЦИТЕ ВО КОНТЕКСТ НА ПОДОБРУВАЊЕ НА КВАЛИТОТ НА ОБРАЗОВАНИЕТО

**Ласте Спасовски**
Центар за стручно образование и обука – Скопје, Република Македонија **spalaste@yahoo.com**

**Резиме:** Образованието во целина има клучна улога во економскиот раст, социјалната кохезија и еколошката стабилност. Оттука, подобрувањето на квалитетот на образованието е високо на агендата на Европската унија која во 2010 година постави одредници кои директно се однесуваат на подобрувањето на квалитетот на воспитно-образовниот процес во училиштата. Квалитетот на образовниот систем не може да го надмине квалитетот на неговите наставници, а бројни студии потврдуваат дека постигањата на учениците директно зависат од квалитетот на наставниците и наставата.

Наставничката професија е подложна на бројни промени, условени од разновидните промени во општеството – политички, културни, социо-економски, научни, технолошки и други. Таквите промени пред образованието поставуваат многу повисоки барања и очекувања. И околностите, во кои денес работат кадрите во образованието, се многу посложени (брзо ширење на обемот на нови знаења; поголема и брза достапност до разни извори на знаења; нови сознанија за процесите на учење и поучување; се поизразени

индивидуални разлики меѓу учениците во нивните стилови на учење; социјални разлики; мултикултурни разлики; слаба мотивираност за учење; нови сознанија во областа на наставните методи и стратегиите на учење; интеграција на учениците со посебни потреби итн.). Освен тоа, училиштата се почесто се ставаат во ситуација да се споредуваат меѓу себе - според исти критериуми на екстерните тестирања, а под влијание на глобализацијата и интернационализацијата на образованието, и со други земји преку меѓународните испитувања. Сето тоа се предизвици кои им ја отежнуваат работата на наставниците и ја усложнуваат нивната улога. Тоа, пак, претпоставува повисок степен на професионална оспособеност за продлабочено осознавање на промените и предизвиците, нивно соодветно стручно проценување и овладување со богат и разновиден репертоар на методи и стратегии за трагање и изнаоѓање на можни решенија на проблемите со кои се соочуваат во својата работа. Стручната компетентност и професионалниот однос на носителите на воспитно-образовната дејност е еден од основните услови за нивната успешност во остварувањето на својата улога. Подобрувањето на квалитетот на образованието зависи од квалитативните промени на мисловниот модел кај наставниците. Прв чекор во таа насока е зголемувањето на професионализацијата на сите кадри во образованието, особено на наставниците.
Како и во секоја современа професија, така и наставниците се одговорни постојано да ги проширувaат границите на своето професионално знаење, бидејќи и најдоброто и најквалитетно додипломско образование не може да им го обезбеди неопходното знаење и вештини што им се потребни за целиот нивни работен век. Тоа укажува на потребата од постоење на систем за професионален развој на наставниците, кој како континуиран процес треба да се заснова на реалните потреби на наставниците.
**Клучни зборови:** наставник, компетенции, професионален развој.

Европската унија во последните 10-ина години во повеќе документи ги има препознаено важноста на квалитетното образование и улогата на наставниците во него. Во нив се потенцира значењето на образованието и потребата да се работи во насока на подобрување на неговиот квалитет, обезбедувајќи услови за ефикасно пренесување на вредностите, вештините, знаењата и ставовите потребни за демократски, граѓански, интеркултурен дијалог и професионален развој, како и за стекнување на клучни компетенции потребни за успешна интеграција во економскиот живот.
Во настојувањата да го забрза остварувањето на целите насочени кон обезбедување образование за сите, УНЕСКО има изготвено Стратегија за наставниците (2012–2015). Препознавајќи дека наставниците и соодветните политики што влијаат на професијата наставник се најважни за обезбедување квалитетно образование, во Стратегијата главен акцент е ставен на поддршката на наставниците да обезбедат квалитетно учење. Во оваа Стратегија се истакнува дека е важно да се создаде наставен кадар кој „ќе работи во средина што го цени професионалното напредување и кој е посветен да ги зголеми можностите за учење на учениците преку наставна практика што е квалитетна и го поддржува учењето“.[1] Во Стратегијата се определени следниве приоритетни области:

- **надминување на недостигот од квалификувани наставници** преку развој на институционални капацитети за нивно образование и поддршка;
- **подобрување на квалитетот на наставниците** преку систематско ширење на сознанијата за квалитетна настава, особено при работа во тешки услови, и преку механизмите за поддршка на наставниците и нивниот професионален развој и отстранување на бариерите за нивна успешност; и
- **истражувања и споделување на сознанијата** преку поддршка на развојот на политики, законска регулатива и воспоставување меѓународен дијалог за успешните политики и практики, вклучувајќи учење едни од други.

Реформите што се преземаат во последната деценија во повеќето образовни системи, се фокусирани токму на развојот на наставниот кадар. За таквиот приод, според експертите на Светска банка, најмногу придонеле следните сознанија добиени преку различни истражувања:

- **постигањата на учениците се поврзани со економскиот и социјалниот напредок на земјата.** Тие сознанија го поместија интересот на државите од обезбедување на поголем опфат на генерациите и достигнување што поголем степен на образование, кон подигање на квалитетот на образованието и квалитетот на знаењата на учениците;

[1] UNESCO *Strategy on Teachers* (2012-2015), стр. 1 и 2.

- **резултатите од меѓународните мерења на постигањата на учениците обезбедуваат многу споредбени податоци.** Тоа ги поттикна земјите што учествуваат во тие мерења да ги анализираат своите образовни системи и да учат од системите на земјите што постигнале повисоки резултати; и
- **наставниците се клучен училиштен фактор за успехот на учениците.** Затоа, многу земји преземаат низа активности за да ги подобрат квалитетот и статусот на професијата наставник. Меѓутоа, нема еднозначни сознанија како различните активности што се преземаат во земјите влијаат врз подобрувањето на квалитетот на работата на наставниците. Ефектите на реформите зависат од тоа како се осмислени и спроведени, а политиките во врска со наставниот кадар можат да имаат различно влијание зависно од контекстот и од другите образовни политики што се спроведуваат.

Барањата што се поставуваат пред училиштата и наставниците стануваат сè покомплексни. Денешното општество очекува училиштата ефективно да постапуваат со ученици кои зборуваат на различни јазици и доаѓаат од различни средини, да бидат сензитивни на културните и родовите прашања, да промовираат толеранција и социјална кохезија, ефективно да одговорат на учениците со посебни образовни потреби, да користат нови технологии и да бидат во чекор со новите приоди во оценувањето на учениците и брзите развојни промени во областа на образованието. Наставниците треба да бидат способни да ги подготват учениците за општество и економија во која се очекува тие да бидат насочени кон самостојно истражување, способни и мотивирани за учење во текот на целиот живот.[2]

Одговорностите на наставниците стануваат сè поголеми, а главен фокус е ставен на квалитетот на наставата и зголемување на постигањата на учениците. Врз основа на анализата од извештаите од земјите кои учествувале во истражувањата на ОЕЦД,[3] идентификувани се неколку области каде што дошло до зголемување на одговорностите на наставниците и тоа:

***<u>На индивидуално ниво</u>***

- **Унапредување на процесот на учење**. Голем број дебати се водат за тоа како треба наставниците да ја предаваат наставната програма. Од нив се очекува да ги охрабруваат учениците да преземат што поактивна улога во сопственото учење, и да им помогнат на учениците да ги развијат вештините за решавање проблеми и да го следат и насочуваат процесот на учење.
- **Ефективно да одговорат на индивидуалните потреби на учениците.** Наставниците се очекува да ги следат и дијагностицираат јаките и слабите страни во учењето и да им дадат насоки на учениците и на нивните родители.
- **Интегрирање на формативното и сумативното оценување.** Наставниците треба да ги познаваат и применуваат формативните и сумативните методи на оценување, да бидат запознаени со стандардите за оценување, да знаат да ги користат резултатите од тестот на дијагностички начин, и да ја прилагодат наставната програма на индивидуалните потреби на учениците.

***<u>На ниво на паралелка</u>***

- **Учење во мултикултурни паралелки.** Паралелките стануваат исклучително разновидни со ученици од различни култури и религии. Наставниците се очекува да работат на социјална кохезија и интеграција преку користење соодветни техники и преку примена на сопственото знаење за различните групи ученици.
- **Интегрирање на учениците со посебни образовни потреби.** Процесот на инклузија на учениците со посебни потреби во учењето налага наставниците да се стекнат со знаење, вештини и техники за работа со овие деца, и да воспостават успешна соработка со стручните служби.

***<u>На училишно ниво</u>***

- **Работа и планирање во тимови.** Од наставниците се очекува да соработуваат и да работат во тимови со други наставници и со останатите вработени во училиштето. Затоа, потребно е да се стекнат со социјални и раководни вештини, да соработуваат, да поставуваат заеднички цели и да ги планираат и следат постигнувањата на колаборативен начин.
- **Евалуација и систематско подобрување на планирањето.** Во многу системи, од училиштата се бара да користат податоци собрани преку самоевалуација, тестирање и екстерна евалуација. Ова подразбира

---

[2] OECD 2005.

[3] Организацијата за економска соработка и развој ОЕЦД промовира политики за подобар економски и социјален живот на луѓето ширум светот. Образованието е една од областите која е тема на истражување.

стекнување нови вештини во собирањето и анализирањето на податоци и за презентирање на резултатите.

- **Користење на ИКТ во наставата**. Сè повеќе се бара од наставниците да ја користат компјутерската технологија во нивната професионална практика и постојано да се информираат за развојните текови и иновации од областа на ИКТ.
- **Реализирање проекти меѓу училишта и меѓународна соработка.** Станува сè почеста потребата од соработка на училиштата на заеднички проекти, и развој на врски меѓу училишта од различни земји. За ова е потребно наставниците да поседуваат лидерски и организациски вештини и капацитети да работат и ефективно да комуницираат во различни окружувања.
- **Менаџмент и споделено водство.** Во повеќето земји носењето одлуки сè повеќе се децентрализира, особено во однос на организацијата на наставата. Како резултат на зголемениот број и опсег на одлуки што се носат на ниво на училиште се поевидентна е потребата од нови раководни вештини, а во повеќето земји се очекува наставниците да учествуваат и да придонесуваат во училишното водство.

***<u>На ниво на родители и пошироката заедница</u>***

- **Давање стручни совети на родителите.** Училишните системи ставаат сè поголем акцент на соработката меѓу училиштето и родителите. Во тој контекст, наставниците треба да бидат соодветно обучени да можат да ги информираат и да се консултираат со родителите.
- **Градење партнерство со заедницата.** Со цел да обезбедат дополнителна поддршка и да овозможат искуствено учење, во некои земји се очекува од училиштата да изградат партнерства со институциите во заедницата. Оттука, наставниците треба да поседуваат вештини да ги воспостават и ги одржат овие врски.[4]

Современото образование засновано на компетенции има поставено референтна рамка за промена на системот за професионален развој на наставниците кој се темели на идентификување, проценка и унапредување на низа компетенции кои наставникот треба да ги развива во текот на својата професионална кариера. Прашањето кое се наметнува е кои компетенции им се потребни на денешните наставници, односно кои знаења, вештини и способности треба да ги поседуваат за да одговорат подготвено на сложениот систем на образование кој постојано се менува.[5] Постојат различни дефиниции за тоа што се подразбира под компетенции, но во основа сите лежат стекнатото знаење и вештини, односно докажана способност за користење на знаењето и вештините во ситуации на учење или на работа. Една друга дефиниција вели дека компетенциите се комплексна комбинација на знаења, вештини, разбирања, вредности, ставови и потреби која води кон ефективна отелотворена човечка активност, во определен домен на работа (Deakin Crick, 2008).[6]

Од истражувањата спроведени со цел да се идентификува развојот на наставнички компетенции во регионот, може да се издвојат четири заеднички наставнички компетенции, и тоа:

- знаења од предметната област, педагогија и курикуларните подрачја;
- уважување на вредностите и развојот на детето;
- самоевалуација и професионален развој; и
- разбирање на образовниот систем и придонесување кон неговиот развој.

Наставниците треба да разберат дека постои „постојан реципрочен однос меѓу оние кои образуваат и оние кои се образуваат, оние кои поучуваат и оние кои учат“.[7] Оттука, од наставниците се очекува да ги усвојат вештините за доживотно учење. Невозможно е идните наставници во текот на студиите да се подготват за сите предизвици со кои ќе се соочат на работното место. Затоа, од нив се очекува континуирано во текот на својата професионална кариера да продолжат да истражуваат, да учат и да усвојуваат нови вештини.[8]

---

[4] OECD 2005.

[5] Rangelov-Jusović, R. (2013). “Komparativna analiza i vrednovanje uloge nevladinih organizacija u stručnom usavršavanju nastavnika osnovnih škola u Bosni i Hercegovini”, doktorska disertacija, Sarajevo.

[6] European Commision (2013). *Supporting Teacher Competence Development, for better learning outcomes.*

[7] Rinaldi, C. (2006). *In Dialogue with Reggio Emilia: Listening, Researching and Learning*. Psychology Press.

[8] Tankersley, D., Brajkovic, S. i dr. (2011). *Teorija u praksi, priručnik za profesionalni razvoj učitelja*, Centar za obrazovne inicijative Step by Step, Sarajevo.

Професионалниот развој на наставниците се објаснува како процес на значајно доживотно учење преку кој наставниците стекнуваат знаење и ја развиваат сопствената наставна практика. Тоа е процес кој што ја вклучува индивидуалната, професионалната и социјалната димензија на наставниците и тоа е, исто така, развој на наставниците во правец на критичко, независно и одговорно носење одлуки и дејствување. Професионалниот развој на наставниците претставува кохерентен систем на активности што вертикално се надградуваат почнувајќи од студентските денови па сѐ до пензионирањето.

Според истражувањата на OSCE,[9] професионалниот развој има повеќе цели, и тоа:

- да го подобри знаењето на наставниците за наставниот предмет во однос на најновите достигнувања во областа;
- да ги подобри вештините и приодите на наставниците во однос на новите наставни техники кои произлегуваат од новите услови и образовни истражувања;
- да ги оспособи наставниците успешно да ги применуваат промените кои настанале во наставните програми или други аспекти од наставната практика;
- да ги оспособи наставниците да развиваат и применуваат нови стратегии кои се однесуваат на наставната програма или други аспекти од наставната практика;
- за размена на информации и искуства меѓу учениците и пошироката стручна јавност;
- да им помогне на послабите наставници да станат поефективни.

Со цел да излезат во пресрет на потребите на наставниците за професионален развој, креаторите на политики и практичарите треба да изнајдат начини како да го поддржат и поттикнат учеството и како да обезбедат професионалниот развој да биде во склад со потребите на наставниците. Исто така, треба да се земе предвид цената како во однос на финансиски средства така и во однос на времето на наставниците. Истражувањата имаат идентификувано неколку важни аспекти за успешно надминување на јазот што постои меѓу идеалната средина за учење и секојдневната наставна практика:

- Добро структурирани програми за влез на работното место ќе им помогнат на новите наставници во нивната транзиција кон преземање на сите работни обврски што ги има наставник со полно работно време. Во некои земји, откако наставниците ќе го завршат иницијалното образование и ќе почнат да предаваат, една до две години се набљудува нивната настава. Во текот на овој период најчесто наставниците добиваат помал обем на работни обврски, менторирање од искусен наставник и континуирана формална настава.
- Ефективниот професионален развој треба да биде постојан и да вклучува обуки, практикување и повратна информација, и да обезбеди време за поддршка. Успешните програми за професионален развој вклучуваат активности што се реализираат во рамките на колаборативни тимови за учење.
- Потребите за професионален развој треба да бидат поврзани со приоритетните цели на училиштето, и со повратната информација до посетите на часови и училишната евалуација.
- Честопати постои потреба да се преиспитаат структурите и практиките за професионален развој и да им се овозможи на наставниците повеќе време и простор за учење и примена на стекнатото знаење.

Постои консензус дека професионалниот развој е континуирана социјална активност поврзана со работата на наставникот. Тој треба да биде директно поврзан со учењето и наставната програма и да биде длабоко вкоренет во секојдневната работа на училиштата.[10] Ова подразбира проценка на наставната практика на дневна основа. За да може ова да се оствари, потребно е наставниците да соработуваат, меѓу-себно, да ги следат часовите и да вршат рефлексија на наставната практика.[11]

Професионалниот развој разгледуван во контекст на подобрување на квалитетот на образованието претставува значаен инструмент за подобрување на учењето и постигањата на учениците. Преку анализа на бројни истражувања во оваа област, може да се издвојат четири нивоа на ефективноста на наставникот. Во првото ниво се наоѓаат карактеристиките на наставникот, вклучувајќи ги и неговите верувања и компетенции кои може да бидат зајакнати преку обука и професионален развој. Следното ниво е

---

[9] OECD (2011). *Building a High-Quality Teaching Profession, Lessons From Around The World*, стр. 20.

[10] Darling-Hammond, L. (1998). *Teachers and teaching: Testing policy hypotheses from a national commission report*. Educational Researcher.

[11] Eisuke, S. (2012). *Professional Development in Education*, Vol.38, No. 5, November 2012, p. 777.

ефективноста на наставата и репертоарот од техниките што ги применува наставникот. Третото ниво ја вклучува соработката на наставникот во работни групи/тимови на ниво на училиште. На ова ниво влијанието на наставниците е насочено кон придонес во создавање ефективни структури и клима во училиштето. Последното ниво се однесува на националниот систем кој може да влијае на организацијата на професионалниот развој на наставниците.

Врз основа на овој концепт, може да се анализираат варијаблите кои влијаат на ефективноста на наставникот и тоа пред се: училишниот контекст, подготовката на наставникот и наставните процеси кои се одвиваат во училиштата.

Различни европски земји имаат воспоставено различни системи за професионален развој на наставниците. Сите тие прават напори да воспостават систем кој ќе овозможи да ги селектира најдобрите лица за наставници, да им даде соодветно знаење и вештини во склад со сите динамични промени на кои е изложено образованието, да им овозможи континуирана поддршка и да ги мотивира и задржи најдобрите наставници. Сепак, идеален систем не постои и секоја земја помалку или повеќе се соочува со предизвици и е во потрага по соодветни решенија. Имајќи ги предвид значењето и влијанието што образованието го има на севкупниот квалитет на животот во општеството, постојано се прават анализи на образовните системи поради што постојат бројни извештаи со примери на добри практики. Сите тие претставуваат добар извор на информации за тоа какви активности преземаат земјите, што е тоа што функционира, а што е тоа што не дава резултати. Поради тоа што сите сознанија го истакнуваат значењето на наставниците врз постигањата на учениците, постојано се прават истражувања за факторите кои влијаат на подобрувањето на квалитетот на наставниците.

Од истражуваната литература може да се дојде до сознание дека професионалниот развој подразбира збир на систематски активности кои ги подготвуваат наставниците за нивната работа почнувајќи од иницијалното образование, воведувањето во работа, континуираната обука и поддршката на работното место. Сите овие активности се застапени во образовните системи на земјите во Европа.

**ЛИТЕРАТУРА**

[1] Darling-Hammond, L. (1998). *Teachers and teaching: Testing policy hypotheses from a national commission report*. Educational Researcher.
[2] Eisuke, S. (2012). *Professional Development in Education*, Vol.38, No. 5, November 2012, p. 777.
[3] European Commision (2013). *Supporting Teacher Competence Development, for better learning outcomes*.
[4] OECD (2011). *Building a High-Quality Teaching Profession, Lessons From Around The World*, стр. 20.
[5] Rangelov-Jusović, R. (2013). "Komparativna analiza i vrednovanje uloge nevladinih organizacija u stručnom usavršavanju nastavnika osnovnih škola u Bosni i Hercegovini", doktorska disertacija, Sarajevo.
[6] Rinaldi, C. (2006). *In Dialogue with Reggio Emilia: Listening, Researching and Learning*. Psychology Press.
[7] Tankersley, D., Brajkovic, S. i dr. (2011). *Teorija u praksi, priručnik za profesionalni razvoj učitelja*, Centar za obrazovne inicijative Step by Step, Sarajevo.
[8] UNESCO *Strategy on Teachers* (2012-2015), стр. 1 и 2.